

# Тамара и Туна на "Ем-Ти-Ви Адрија"

Анимираниот спот на Тамара и на Туна, "Љуби, љуби", се прикажува на музичката телевизија "Ем-Ти-Ви Адрија". Авторот и продуцент на песната, Александар Масевски, стапил во контакт со луѓето од "Ем-Ти-Ви", а на одговорните од музичката телевизија им се допаднал.

- Спотот се врти два или три пати во денот, на емисијата "Пјур Адрија" - вели Масевски. - Задоволен сум и ѝ благодарам на "3Д продукција" што го изработи спотот.

Следните планови на продукцијата на Масевски, "Масив скај", е новиот спот на Тамара за песната "Најверни пријатели", кој е снимка од нејзиниот настап во емисијата "Ред хот" на "Томато продукција". **(М.Ц.)**

# Коце Икономов со награда за животно дело на "Златна буба мара"

Коце Икономов ќе ја добие наградата за животно дело, што секоја година се доделува на манифестацијата "Златна буба мара на популарноста". Гитаристот на легендарното "Мањифико" ќе ѝ приреди изненадување на публиката со свој настап.

"Златна буба мара на популарноста" ќе се одржи на 22 февруари, во Универзалната сала. Организаторот, тимот на радиото "Буба мара", и оваа година го држи сценариото во тајност, а останатите гости ќе бидат изненадување за публиката. **(М.Ц.)**

# Ефто Пупиновски со нов албум



Фолк-пејачот Ефто Пупиновски деновиве го заврши новиот, петти по ред албум, и тоа по пауза од околу четири години. На албумот се сместени 10 сосема нови песни, зад кои како автори, покрај Ефто, стојат и Илија Тотевски и Мирослав Кузман. Ова цеде, како што вели Ефто, нема да се продава, туку е наменето за пријателите и за медиумите. Нема ни име, едноставно е само негово враќање во фолк-музиката со нов имиџ.

На албумот генерално се сместени љубовни песни, но и една патриотска. **(В.М.)**


